РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 148 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 30.10.2018 година го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**I**

**ПРЕСТАНУВААТ ДА ВАЖАТ** одобренијата за користење на радиофреквенции со следните евидентни броеви 103969, 103978, 103974 и 103971 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот Министерство за финансии, Царинска управа на РМ со адреса ул.Лазар Личеноски бр.13 во 1000 Скопје, поради тоа што е истечен рокот на важење.

**II**

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**III**

Ова решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации му издаде одобренија за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентен број : 103969, 103978, 103974 и 103971 на Министерство за финансии, Царинска управа на РМ со адреса ул.Лазар Личеноски бр.13 во 1000 Скопје.

Поради тоа што временскиот рок за кој било издадено одобрението е изминат согласно член 24 став 1 алинеа 5 а во врска со член 148 став 1 точка (а) од Законот за електронските комуникации, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации по службена должност, донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.**

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број:0802- 1035
Скопје 02.11.2018

Извршител

Александар Панчевски

Раководител на одделение за фиксна и мобилна служба

Радка Шекутковска

Раководител на Сектор за Радиокомуникации
Јане Јакимовски

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

Доставено до:
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенции
- Служба за финансии и сметководство
- Архива
- Странка

АЕК-751-301.12/Изм.01

тел. 02 32 89 200
факс. 02 32 24 611
е-пошта. contact@aec.mk